

# NURSE-ON-CALL

## 1300 60 60 24

Како иницијатива на Викториската влада во здравството, **NURSE-ON-CALL** е телефонска служба која нуди моментални професионални здравствени совети од регистрирана медицинска сестра, **24 часа во денот, 7 дена во неделата**.

Телефонирајте на **1300 60 60 24** по цена на локален телефонски повик од било каде во Викторија*

*Повиците од мобилни телефони може да се наплаќаат по повисока тарифа. NURSE-ON-CALL ја обезбедува Healthdirect Australia во име на Викториската влада.


NURSE-ON-CALL

1300 60 60 24


## Пристапност

### Дали ви треба преведувач?

Телефонирајте во TIS International на **131 450** и побарајте да зборувате со **NURSE-ON-CALL**.

### Како можам да ја користам службата ако имам попреченост на слухот или говорот?

National Relay Service е на располагање да одговори на повиците на лица со попреченост на слухот или говорот. Корисниците на Voice Relay треба да телефонираат на **1800 555 727** додека корисниците на Teletypewriter (TTY) треба да телефонираат на **1800 555 677** и да побараат да ги поврзат со **NURSE-ON-CALL**. Корисниците на Internet relay ја користат дежурната линија преку веб-страницата на National Relay Service.

За повеќе информации за **NURSE-ON-CALL**, отидете на **healthdirect.gov.au/nurse-on-call**


Брошурата ја одобри и објави Викториската влада,
1 Treasury Place, Мелбурн. © Држава Викторија, Австралија,
Министерство за здравство, август 2021.
Брошурата ја отпечати Finsbury Green. (DH 2106065).


Macedonian I Македонски

# Секој Викториец добива


NURSE-ON-CALL

1300 60 60 24




Здравствени информаци преку телефон, достапни 24 часа во денот, 7 дена во неделата.

**healthdirect.gov.au/nurse-on-call**

VICTORIA State Government | Department of Health

# Тука сме кога ви требаме

**NURSE-ON-CALL** ве поврзува директно со регистрирана медицинска сестра која внимателно ќе ви даде професионални здравствени совети во било кое време од денот и ноќта. **Во итни случаи, секогаш треба да се јавите на 'Три нули' (000)**, меѓутоа во други случаи **NURSE-ON-CALL** може да биде вашиот најдобар избор за добивање на здравствени совети.

На пример, може да се јавите кога:

- Вие или некој за кого се грижите не се чувствува добро
- Среде ноќ не сте сигурни дали треба да побарате лекарска помош
- Не сте дома или се наоѓате далеку од најблиското место каде можете да добиете лекарска помош
- Едноставно, сакате да добиете совет или информации за здравствените служби во вашата област.

Слободно јавете се на **NURSE-ON-CALL** за да зборувате за било каков здравствен проблем. Едноставно, јавете се на **1300 60 60 24** од било каде во Викторија по цена на локален телефонски повик*.



# Што ќе се случи кога ќе се јавам за здравствен совет?

**Чекор 1** – Кога ќе телефонирате, ќе ви одговори регистрирана медицинска сестра и ќе земе неколку основни податоци.

**Чекор 2** – После тоа, медицинската сестра ќе ви постави низа прашања за вашите симптоми и за други ваши здравствени проблеми.

**Чекор 3** – На крајот на разговорот, медицинската сестра може да ви предложи начини како да се грижите за себе, да ве советува да го контактирате вашиот доктор од општа пракса (GP) или, ако вашата здравствена состојба е сериозна, да ве префрли на **'Три нули' (000)**.

Запамтете дека медицинските сестри не поставуваат целосна дијагноза врз основа на вашите симптоми.

Медицинските сестри ги користат најновите достапни здравствени информации, што значи дека ви даваат најквалитетни совети на темата за која сте се јавиле.

Се разбира, сите податоци што ќе ги дадете ќе се чуваат во доверба, а записите се целосно безбедни.

# Здравствени совети и повеќе

**NURSE-ON-CALL** исто така може да ви даде други здравствени информации, на пример, податоци за здравствените служби во вашата област или телефонски броеви на други служби што даваат информации преку телефон.

**NURSE-ON-CALL** им овозможуваат на сите Викторијци да бидат спокојни бидејќи знаат дека за да добијат професионални здравствени совети треба само да се јават на телефон во било кое време од денот или ноќта.

*Повиците од мобилни телефони може да се наплаќаат по повисока тарифа. NURSE-ON-CALL ја обезбедува Healthdirect Australia во име на Викториската влада.



**Здравствени совети за сите Викторијци, 24 часа во денот**

**NURSE-ON-CALL**

**1300 60 60 24**

**Во итни случаи или во ситуации кога е загрозен нечиј живот, секогаш треба да телефонирате на 'Три нули' (000)**